20251342959

# ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 49 став (3) од Законот за воздухопловство („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/24, 224/24 и 3/25), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 1 јули 2025 година, донесе

## ПРОГРАМА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА ДОДЕЛУВАЊЕ ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ПОТТИКНУВАЊЕ И РАЗВОЈ НА ВОЗДУШНИОТ СООБРАЌАЈ ВО РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ДОМАШНИ И СТРАНСКИ ПРЕВОЗНИЦИ ЗА ПЕРИОДОТ 2025-2027 ГОДИНА

1. Во Програмата за определување средства потребни за доделување финансиска поддршка за поттикнување и развој на воздушниот сообраќај во Република Северна Македонија на домашни и странски превозници за периодот 2025-2027 година („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.182/24), во точката 1, зборовите „375.000.000,00 (триста седумдесет и пет милиони)“, се заменуваат со зборовите „645.000.000,00 (шестотини четириесет и пет милиони)“.
2. Во точката 5, зборовите „125.000.000,00 (сто дваесет и пет милиони)“, се заменуваат со зборовите „260.000.000,00 (двеста и шеесет милиони)“.
3. Во точката 6, зборовите „125.000.000,00 (сто дваесет и пет милиони)“, се заменуваат со зборовите „260.000.000,00 (двеста и шеесет милиони)“.
4. Оваа програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 50-6235/5
1 јули 2025 година
Скопје

Претседател на комисија и
заменик на претседателот
на Владата на Република
Северна Македонија,
**Љупчо Димовски,** с.р.